Смрт на фашизмот — Слобода на народот! Поштарината е платена во готово

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 12 Скопје, Понеделник 13 јуни 1949 год. Год. V

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: "Службен весник на НР Македонија" Пошт. фах 31, Скопје. Ракописите не се враќаат. Телефон на редакцијата и администрацијата 696

Овој број чини 4 динари. Претплатата за една година изнесува 250 дин., за едно полугодие 125 дин. Чековна сметка при Народна банка на ФНРЈ. Централа за НРМ — Скопје 8.901.812

**130**

Врз основа на член 73 точка 4 од Уставот на Народна Република Македонија и член 1 став 3 и 4 од Законот за избор и работењето на привремените обласни народни одбори и за пренесувањето на надлежности на обласните народни одбори, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ БРОЈОТ НА ОДБОРНИЦИТЕ НА ПРИВРЕМЕНИТЕ ОБЛАСНИ НАРОДНИ ОДБОРИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ БРОЈОТ НА ОДБОРНИЦИТЕ КОИ ШТО ВО ПРИВРЕМЕНИТЕ ОБЛАСНИ НАРОДНИ ОДБОРИ ЌЕ ГИ ИЗБИРААТ ПООДДЕЛНИТЕ ОКОЛИСКИ И ГРАДСКИ НАРОДНИ ОДБОРИ

I.

Во привремените обласни народни одбори вкупно ќе се избираат:

1. во Привремениот областен народен одбор на Битолската област 110 одборници;
2. во Привремениот областен народен одбор на Скопската област 110 одборници; и
3. во Привремениот областен народен одбор на Штипската област 100 одборници.

II.

Во привремените обласни народни одбори, околиските и градските народни одбори ќе изберат:

За Привремениот областен народен одбор на Битолската област:

1. Градскиот народен одбор на градот Битола 9 одборници;
2. Градскиот народен одбор на градот Охрид 4 одборници;
3. Градскиот народен одбор на градот Прилеп 8 одборници;
4. Околискиот народен одбор на Битолската околија 17 одборници;
5. Околискиот народен одбор на Бродската околија 5 одборници;
6. Околискиот народен одбор на Дебарската околија 7 одборници;
7. Околискиот народен одбор на Демир Хисарската околија 6 одборници;
8. Околискиот народен одбор на Кичевската околија 11 одборници;
9. Околискиот народен одбор на Крушевската околија 2 одборника;
10. Околискиот народен одбор на Охридската околија 6 одборници;
11. Околискиот народен одбор на Прилепската околија 16 одборници;
12. Околискиот народен одбор на Ресенската околија 7 одборници;
13. Околискиот народен одбор на Струшката околија 10 одборници.

За Привремениот областен народен одбор на Скопската област:

1. Градскиот народен одбор на градот Куманово 6 одборници;
2. Градскиот народен одбор на градот Тетово 5 одборници;
3. Градскиот народен одбор на градот Титов Велес 5 одборници;
4. Околискиот народен одбор за Гостиварска околија 16 одборници;
5. Околискиот народен одбор на Ѓорче Петровска околија 6 одборници;
6. Околискиот народен одбор на Кривопаланечка околија 8 одборници;
7. Околискиот народен одбор на Кумановската околија 17 одборници;
8. Околискиот народен одбор на Скопската околија 19 одборници;
9. Околискиот народен одбор на Тетовската околија 18 одборници;
10. Околискиот народен одбор на Титов Велешката околија 10 одборници;

За Привремениот областен народен одбор на Штипската област:

1. Градскиот народен одбор на градот Струмица 4 одборника;
2. Градскиот народен одбор на градот Штип 6 одборници;
3. Околискиот народен одбор на Беровската околија 6 одборници;
4. Околискиот народен одбор на Ѓевѓелиската околија 10 одборници;
5. Околискиот народен одбор на Кавадарската околија 13 одборници;
6. Околискиот народен одбор на Кратовската околија 7 одборници;
7. Околискиот народен одбор на Кочанската околија 12 одборника;
8. Околискиот народен одбор на Радовишката околија 8 одборника;
9. Околискиот народен одбор на Свето Николската околија 10 одборници;
10. Околискиот народен одбор на Струмичката околија 12 одборници;
11. Околискиот народен одбор на Царевоселската околија 6 одборници; и
12. Околискиот народен одбор на Штипската околија 6 одборници.

У. Бр. 8, 19 мај 1949 година, Скопје.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов, с. р.

Претседател, Богоја Фотев, с. р.

**131**

Врз основа на член 73 точка 4 од Уставот на Народна Република Македонија и член 3 од Законот за избор и работењето на привремените обласни народни одбори и за пренесувањето надлежности на обласните народни одбори Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ИЗБОР НА ОДБОРНИЦИ ЗА ПРИВРЕМЕНИТЕ ОБЛАСНИ НАРОДНИ ОДБОРИ

Сите околиски и градски народни одбори ќе извршат избор за одборници за привремените обласни народни одбори на 25 мај 1949 година.

У. Бр. 9 19 мај 1949 година, Скопје

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов с. р.

Претседател Богоја Фотев с. р.

3) Основи на градинарство,
4) Основи на заштитата на растенијата,
5) Основи на мелиорацијата,
6) Земјоделска методологија и климатологија, и
7) Организација на производството и работењето на земјоделското стопанство и селанско задругарство.

IV. — ОД ГРУПАТА НА ГРАДИНАРСТВОТО:

а) Како главни предмети:
1) Педологија,
2) Општо и специјално градинарство,
3) Наводнување и уредување на бавчи,
4) Конзервирање на градинарски производи,
б) Како помошни предмети:
1) Апробација на растенијата и на расадите од градинарски култури,
2) Основи на испитувањето и контрола на испитувањето и контрола на семенската стока,
3) Основи на заштитата на растенијата,
4) Основи на ратарството,
5) Основи на земјоделските машини,
6) Организација на производството и работењето на земјоделското стопанство и селанско задругарство, и
7) Земјоделска метеорологија и климатологија.

V. — ОД ГРУПАТА НА ОВОШТАРСТВОТО

а) Како главни предмети:
1) Педологија,
2) Општо и специјално овоштарство,
3) Одгледување на овошнја во стаклени бавчи и под вештачки услови, и
4) Конзервирање на овоштија.
б) Како помошни предмети:
1) Основи за заштита на растенијата,
2) Основи на лозарството и избарството,
3) Основи на земјоделските машини,
4) Земјоделска метеорологија и климатологија, и
5) Организација на производството и работењето на земјоделско стопанство и селанско задругарство.

VI — ОД ГРУПАТА НА ЛОЗАРСТВОТО И ЕНОЛОГИЈАТА

а) Како главни предмети:
1) Педологија,
2) Општо и специјално лозарство,
3) Енологија,
4) Микробиологија, и
б) Како помошни предмети:
1) Основи на овоштарството,
2) Основи на заштита на растенијата,
3) Основи на земјоделските машини,
4) Земјоделска метеорологија и климатологија, и
5) Организација на производството и на работењето на земјоделско стопанство и селанско задругарство.

VII. — ОД ГРУПАТА НА ЈУЖНИ КУЛТУРИ

а) Како главни предмети:
1) Педологија,
2) Општо и специјално ратарство,
3) Производство на памук, тутун, ориз, мак, сезам, кикирики, анасон, каучукови растенија, маслинки, смокви, бадем и други јужни култури, и
4) Земјоделски машини;
б) Како помошни предмети:
1) Апробација на сејанијата и расадите,
2) Основи на испитувањето и контролата на семенската стока,
3) Основи на градинарство,
4) Основи на заштитата на растенијата,
5) Основи на мелиорацијата,
6) Земјоделска метеорологија и климатологија, и
7) Организација на производството и работењето на земјоделско стопанство и селанско задругарство.

VIII. — ОД ГРУПАТА НА МЛЕКАРСТВО И ПЛАНИНСКОТО ГАЗДУВАЊЕ

а) Како главни предмети:
1) Ливадарство и пасишта,
2) Педологија,
3) Микробиологија,
4) Млекарство и млекарска технологија,
5) Општо и специјално сточарство,
6) Исхрана на добиток, и
7) Пчеларство;
б) Како помошни предмети:
1) Основи на ратарство,
2) Основи на заштитана растенијата,
3) Земјоделска метеорологија и климатологија,
4) Апробација на ливади за производство на семенска стока и семенска контрола, и
5) Организација на производството и работењето на земјоделско стопанство и селанско задругарство.

IX. — ОД ГРУПАТА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

а) Како главни предмети:
1) Фитопатологија,
2) Ентомологија,
3) Средства за заштита на растенијата, и
4) Фитосанитетска карантинска служба,
б) Како помошни предмети:
1) Основи на ратарството и градинарството,
2) Основи на овоштарство и лозарство,
3) Основи на испитување и контрола на семенската стока,
4) Земјоделска метереологија и климатологија, и
5) Организација на производството и работењето на земјоделско стопанство и селанско задругарство.

X. — ОД ГРУПАТА НА ПЕДОЛОГИЈА И АГРОХЕМИЈА

а) Како главни предмети:
1) Аналитичка хемија,
2) Педолошка хемиска технологија,
3) Педологија,
4) Педолошко картографирање, и
5) Земјоделска метеорологија и климатологија;
б) Како помошни предмети:
1) Основи на ратарството,
2) Основи на заштитата на растенијата,
3) Основи на лозарството и овоштарството, и
4) Организација на производството и работењето на земјоделско стопанство и селанско вадругврство.

XI. — ОД ГРУПАТА НА СТОЧАРСТВО НА КРУПНИОТ ДОБИТОК

а) Како главни предмети:
1) Општо и специјално сточарство на крупниот добиток (коњи, мули, мазги, магариња, говеда) и
2) Уредување ергела и сточарски фарми,
3) Зоохигиена,
4) Исхрана на добиток
5) Производство на растенија за добиток, и
6) Млекарство;
б) Како помошни предмети:
1) Прва помош на добиток,
2) Уредување ливади и пасишта,
3) Основи на сточарство на ситниот добиток (овци, кози, свињи, питоми зајци и живина), и
4) Организација на производството и работењето на земјоделско стопанство и селанско задругарство.

XII. — ОД ГРУПАТА НА СТОЧАРСТВО НА СИТНИОТ ДОБИТОК

а) Како главни предмети:
1) Општо и специјално сточарство на ситен добиток (овци, кози свињи, питоми зајци, живина, пчели и свилени буби).
2) Уредување на сточарски фарми,
3) Зоохигиена,
4) Исхрана на добиток,
5) Производство на растенија за добиток, и
6) Млекарство;
б) Како помошни предмети:
1) Прва помош на добиток,
2) Уредување ливади и пасишта,
3) Основи на сточарство на крупен добиток, и
4) Организација на производството и работењето на земјоделско стопанство и селанско задругарство,

XIII. — ОД ГРУПАТА НА РИБОГОЈСТВО

а) Како главни предмети:
1) Биологија и физиологија на риби,
2) Систематика на рибите,
3) Одгледување и заштита на рибите, и
4) Уредување рибници и мрестилишта;
б) Како помошни предмети:
1) Основи на сточарство,
2) Конзервирање риби, и
3) Организација на производството и работењето на земјоделско стопанство и селанско задругарство.

XIV. — ОД ГРУПАТА НА ОПШТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

а) Како главни предмети:
1) Организација на производството на земјоделско стопанство,
2) Организација на работењето во земјоделско стопанство,
3) Селанско задругарство,
4) Земјоделско книговодство и таксација,
5) Земјоделско планирање, евиденција и статистика,
6) Административна организација на земјоделието,
7) Финансиско работење;
б) Како помошни предмети:
1) Основи на ратарството и градинарството,
2) Основи на сточарство, и
3) Основи на овоштарство и лозарство.

Член 22

Специјален (стручен) дел од стручниот испит полагаат приправниците од звање помлад земјоделски техничар од една од следните испитни групи:

I. — ОД ГРУПАТА НА РАТАРСТВО:

а) Како главни предмети:
1) Педологија,
2) Општо и специјално ратарство, и
3) Земјоделски машини;
б) Како помошни преметн:
1) Апробација на сејанија и расади па ратарски култури.
2) Основи за испитување и контрола па семенска стока.
3) Основи на градинарството,
4) Основи на сточарството,
5) Основи на заштитата на растенијата,
6) Земјоделска метеорологија и климатологија, и
7) Организација на производството и работењето на земјоделското стопанство и селанско задругарство.

II. — ОД ГРУПАТА НА СЕМЕНАРСТВОТО:

а) Како главни предмети:
1) Испитување на семенска стока;
2) Апробација на сејанија и расади;
3) Организација на семенско производство и контрола; и
4) Општо и специјално ратарство;
б) Како помошни предмети:
1) Основи на заштитата па растенијата,
2) Основи на градинарството;
3) Земјоделска метеорологија и климатологија, и
4) Организација на производството и работењето на земјоделското стопанство и селанско задругарство.

III. — ОД ГРУПАТА НА ГРАДИНАРСТВОТО

а) Како главни предмети:
1) Педологија;
2) Градинарство;
3) Наводнување и изградба на градинарски леи и стакленици;
4) Конзервирање градинарски и овошни производи;
б) Како помошни предмети:
1) Апробација на сејанија и расади на градинарски култури;
2) Испитување и контрола на семенска стока;
3) Основи на заштитата на растенијата;
4) Основи на ратарството;
5) Земјоделска метеорологија, и климатологија, и
6) Организација на производството и работењето на земјоделското стопанство и селанско задругарство.

IV. — ОД ГРУПАТА НА ОВОШТАРСТВО

а) Како главни предмети:
1) Педологија,
2) Овоштарство, и
3) Конзервирање овошни производи;
б) Како помошни предмети:
1) Основи на заштитата на растенијата;
2) Основи на лозарство и набарство;
3) Земјоделска метеорологија и климатологија, и
4) Организација на производството и работењето на земјоделското стопанство и селанско задругарство.

V. — ОД ГРУПАТА НА ЛОЗАРСТВО И ВИНАРСТВО:

а) Како главни предмети:
1) Педологија;
2) Општо и специјално лозарство;
3) Винарство и уредување изби, и
4) Преработка на грозје.
б) Како помошни предмети:
1) Основи на овоштарството;
2) Основи на заштитата на растение;
3) Земјоделска метеорологија и климатологија, и
4) Организација на производството и работењето на земјоделското стопанство и селанско задругарство.

VI. — ОД ГРУПАТА НА МЛЕКАРСТВОТО И ПЛАНИНСКОТО ГАЗДУВАЊЕ

а) Како главни предмети:
1) Ливадарство и пасишта;
2) Педологија;
3) Млекарство;
4) Општо и специјално сточарство;
5) Исхрана на добиток, и
6) Пчеларство;
б) Како помошни предмети:
1) Основи на ратарството;
2) Основи на заштита на растенија;
3) Апробација на ливади за производството на семенска стока и основи на семенската контрола;
4) Земјоделска метеорологија и климатологија, и
5) Организација на производството и работењето на земјоделското стопанство и селанско задругарство.

VII. — ОД ГРУПАТА НА СТОЧАРСТВОТО:

а) Како главни предмети:
1) Општо и специјално сточарство;
2) Уредување на ергели и сточарски фарми.
3) Зоохигиена;
4) Исхрана на добиток;
5) Млекарство, и
6) Производство на растенија за добиток.
б) Како помошни предмети:
1) Прва помош на добитокот;
2) Основи на ратарството;
3) Уредување на ливади и пасишта, и
4) Организација на производството и работењето на земјоделското стопанство и селанското задругарство.

VIII. — ОД ГРУПИТЕ НА ОПШТОТО ЗЕМЈОДЕЛИЕ:

а) Како главни предмети:
1) Организација на производството на земјоделско стопанство;
2) Организација на работењето на земјоделското стопанство;
3) Селанско задругарство;
4) Поледелско книговодство;
5) Земјоделско планирање, евиденција и статистика, и
6) Административна организација на земјоделието;
б) Како помошни предмети:
1) Основи на ратарството;
2) Основи на сточарството; и
3) Основи на овоштарството и лозарството. —

Член 23

После положениот устен испит кандидатот полага практичен испит од главните предмети во лабораторија или на земјоделски обект. На практичниот испит се утврдува неговото практично знање.

Член 24

Ако кандидатот падне на писмениот или практичниот испит го полага повторно целиот испит.

Ако на усниот испит од стручниот дел падне од еден или од два главни или од еден или повеќе помошни предмети, дополнително ги полага само тие предмети. Ако при

Понискиот земјоделски курс трае шест месеци, а средниот година дена.

За званието земјоделски надзорник и земјоделски работоводител се бара понизок земјоделски курс со завршен испит.

Постар земјоделски работоводител може да добие звание на помлад земјоделски техничар ако заврши среден земјоделски курс со завршен испит и положи стручен испит за званието помлад земјоделски техничар.

Член 38

Наставниот план на курсевите се состои од општ и стручен дел и стручна пракса.

Наставната програма за општиот дел ја изработува Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на Народна Република Македонија, а наставната програма за предметите од стручниот дел на курсот Министерството за земјоделие.

Член 39

Раководител на курсот и наставници од поедини предмети назначува Министерот за земјоделие.

Трошкови околу одржавањето на курсевите паѓат на сметка на Министерството за земјоделие.

Член 40

На крајот на курсот се полага завршен испит.

Испитот е устен и практичен.

Испитната комисија ја сочинуваат раководителот на курсот како претседател и наставници на курсот како членови испитувачи.

Деловоѓата на испитната комисија е еден од членовите испитувачи, кого го одредува претседателот на испитната комисија.

Оцените се: одличен, многу добар, и добар, ако курсистот испитот го положил, а слаб ако не го положил испитот.

Комисијата донесува оцена со мнозинство на гласови, а при еднаков број на гласови решава гласот на претседателот.

Член 41

Деловоѓата на испитната комисија води записник за работењето на испитната комисија и ги свршува сите административни работи што се во врска со испитот.

Во испитниот записник се внесува: име, презиме, звание на претседателот и на членовите од испитната комисија, на деловоѓата и на курсистите, што го полагаат испитот и оцена на испитната комисија за положениот испит од секој предмет како и збирна оцена

Член 42

Ако курсист падне на испитот од главен предмет не може повеќе да го полага, а претходно да не го слуша курсот. Ако падне на испитот од споредни предмети, од тие предмети може испитот да го полага после месец дена.

Член 43

Испитната комисија му издава на слушателот на курсот сведоџба за завршениот курс и положениот испит со збирна оцена и со оцени од поедини предмети.

Сведоџба за завршениот среден земјоделски курс служи како доказ за школската спрема, а сведоџбата за завршениот понизок земјоделски курс служи како доказ за школската и стручната спрема во земјоделската струка.

Член 44

Средните земјоделски курсеви се одржаваат во средните школи или кај слични установи.

Член 45

Нижи земјоделски курсеви се установуват од:

а) Ратарство;
б) градинарство;
в) овоштарство;
г) лозарство;
д) избарство;
ѓ) сточарство, и
е) млекарство.

Министерството за земјоделие може по потреба да оснива понизки земјоделски курсеви и од други гранки на земјоделието.

Член 46

Општиот дел на нижиот земјоделски курс за сите земјоделски групи го пропишува Претседателот на Владата.

Стручниот дел на нижите земјоделски курсеви од поедини групи се состои од следните предмети:

а) на курсот за ратарство:
1) Ратарство како главен предмет;
2) Семенарство;
3) Заштита на растенијата;
4) Механизација на земјоделието;
5) Сточарство; и
6) Организација на земјоделското производство.

б) на курсот за градинарство:
1) Градинарство како главен предмет:
2) Берење и преработка на зарзавати и овоштија;
3) Ратарство;
4) Семенарство;
5) Заштита на растенијата;
6) Организација на земјоделското производство.
7) Механизација на земјоделието.

в) на курсот за овоштарство:
1) Овоштарство како главен предмет;
2) Преработка на овоштие;
3) Лозарство;
4) Заштита на растенијата;
5) Организација на земјоделското производство;
6) Механизација на земјоделието.

г) на курсот за лозарство:
1) Лозарство како главен предмет;
2) Винарство;
3) Овоштарство;
4) Заштита на растенијата;
5) Организација на земјоделското производство;
6) Механизација на земјоделието.

д) на курсот за избарство:
1) Винарство како главен предмет;
2) Преработка на грозје;
3) Лозарство;
4) Заштита на растенијата;
5) Организација на земјоделското производство; и
6) Механизација на земјоделието

ѓ) на курсот за сточарство:
1) Сточарство како главен предмет;
2) Млекарство;
3) Ливадарство;
4) Ратарство;
5) Зоохигиена;
6) Исхрана на стоката;
7) Организација на земјоделското производства;
8) Механизација на земјоделието.

е) На курсот за млекарство:
1) Млекарство како главен предмет:
2) Сточарство;
3) Ливадарство;
4) Заштита на растенијата;
5) Организација па земјоделското производство;
6) Механизација на земјоделието.

Член 47

Стручната пракса на нижиот земјоделски курс се врши во време на работењето на курсевите на земјоделски објект по напатствија и под надзор на преподавател.

Праксата се врши од сите предмети на стручниот дел од испитот од дотичната група.

Член 48

Наставната програма за курсевите од поедини стручни предмети и напатствија — за организација на курсевите ќе пропише Министерот за земјоделие, а наставната програма за предметите од општиот дел на курсот ја пропишува Претседателот на Владата.

Член 49

Општиот дел на наставниот план за средни земјоделски курсеви и наставната програма од општиот дел ја пропишува Претседателот на Владата.

Стручниот дел на наставниот план за средни земјоделски курсеви се состои од исти групи и предмети на земјоделската струка, од кои што се полага и стручниот испит за званието помлад земјоделски техничар.

Курсист може да слуша курс само од онаа група од земјоделската струка, во која што издржал и земјоделска пракса.

Курсистите вршат и практични работи од главните предмети од својата група и основна пракса од помошните предмети.

## V. — СТРУЧНИ КУРСЕВИ ЗА УСОВРШУВАЊЕ ВО СЛУЖБАТА

Член 50

Поради усовршување и оспособување на службениците за вршење извесни задачи во земјоделската струка се установуват специјални курсеви.

4. Претрес Предлогот за законот за прогласување на шумските предели околу Мавровското поле за национален парк;

5. Претрес Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за аграрната реформа и колонизација на територијата на Народна Република Македонија;

6. Претрес Предлогот на законот за ловот;

7. Одобрување и потврдување на указите на Президиумот на Народното собрание на НРМ издадени во меѓувремето од IV-то вонредно до V-то редовно заседание;

8. Одобрување на решението на Претседателството на Президиумот за лишување од слобода и започнување кривична постапка против народните пратеници: Ремзи Исмаил и Страхил Трајковски; и

9. Претрес Предлогот на одлуката за потврдување уредбите што ги донела Владата на НРМ во времето од 20 ноември 1948 до 15 април 1949 година.

Со овоа дневниот ред на I-та седница е исцрпен, а Претседателот објавува да ја заклучува седницата во 9,40 часот а идната ја закажува во 10 часот.

Секретар,
Лазо Мојсов с. р.

Претседател,
д-р Димитар Несторов с. р.

# Содржина


| Рег. бр. | | Страна |
|---|---|---|
| 130 | Указ за одредување бројот на одборниците на привремените обласни народни одбори за одредувања бројот на одборниците кои што во привремените обласни народни одбори ќе ги избираат поеделните околиски и градски народни одбори | 111 |
| 131 | Указ за избор на одборници за привремените обласни народни одбори | 111 |
| 132 | Указ за свикувањето на привремените обласни народни одбори во прво заседание | 112 |
| 133 | Указ за ставање вон сила на точка 5, 6 и став 2 на точка 11 од член 1 на Указот за одделување, соединување, укинувања и промени во границите на административно-територијални единици | 112 |
| 134 | Указ за одделување и соединување на административно-територијални единици | 112 |
| 135 | Правилник за приправничката служба, стручните испити и курсеви за службениците од земјоделската струка | 112 |
| 136 | Правилник за приправничката служба, стручните испити и курсеви во хидрометеоролошката струка | 119 |
| 137 | Правилник за поламатурски испит | 122 |
| 138 | Наредба за состав и поднесување предлозите финансиски планови на државните стопански претпријатија од локално значение | 123 |
| 139 | Наредба за определување на роковите за поднесување предлозите кредитни планови за III тромесечје 1949 година | 123 |
| 140 | Записник од I-та седница на V-то редовно заседание на Народното собрание на Народна Република Македонија одржана на 18 април 1949 година во Скопје | 123 |


Издава: „Службен весник на Народна Република Македонија" — Новинско — издавачко претпријатие — Скопје, улица Маршал Тито бр. 10 Пошт. фах 51 — Тел. 696 — Одговорен уредник Љубомир Б. Исаиев ул. 4 бр. 3 — Скопје